**РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**Државен просветен инспекторат**
**Број: 09-35/07**
**Датум: 12.12.2019 година**
**Кочани**

# ООУ „Страшо Пинџур“ – с. Соколарци, Чешиново - Облешево

| | |
|---|---|
| **Конечен извештај од извршена интегрална евалуација** | |
| **Датум на интегрална евалуација:** | **од 14 до 16.10. 2019 година** |
| **Број на извештај:** | **10/02 /2019 година** |
| **Раководител на инспекциски тим:** | **Зоранчо Горгиев** |
| **Вид на училиштето:** | **Општинско училиште** |
| **Подрачни училишта** | **3** |
| **Основач на училиштето:** | **Општина Чешиново - Облешево** |
| **Наставен јазик:** | **Македонски јазик** |
| **Број на ученици:** | **169** |
| **Полова структура на ученици:** | **101 машки и 68 женски** |
| **Број на наставници:** | **33** |
| **Претседател на училишниот одбор:** | **Славе Арсов** |
| **Директор на училиштето:** | **Ленче Јакимова** |
| **Датум на претходна интегрална евалуација:** | **од 28 до 30.09.2016 година** |
| **Адреса на училиштето:** | **ул.„Маршал Тито“ с. Соколарци** |
| **Телефон:** | **033-355-139** |
| **Факс:** | **033-355-139** |
| **e-mail:** | **strashopindjur@gmail.com** |
| **оценка од интегрална евалуација** | **2.80 добар** |

Инспекцискиот надзор е извршен согласно членовите 2, 19, 25 и 26 од Законот за просветна инспекција („Сл.весник на РМ“ број 52/2005; 81/2008, 148/2009, 57/2010, 51/2011, 24/2013, 137/2013, 164/2013 , 41/2014, 33/2015 и 145/2015, 30/16) и Правилникот за начинот и постапката за вршење на инспекциски надзор на просветната инспекција („Сл. весник на РМ“ број 86/2006)

# РЕЗИМЕ

Согласно Годишната програма за работа на Државниот просветен инспекторат и Законот за Просветна инспекција од 14 до 16 октомври 2019 година, тим од тројца државни просветни инспектори спроведоа интегрална евалуација во работата на ООУ „Страшо Пинџур“ с.Соколарци.

Државните просветни инспектори за време на Интегралната евалуација во училиштето остварија средби со директорот и стручната служба, одржаа состаноци со Училишниот одбор, Совет на родители и Ученичката заедница. Се водеа разговори со фокус групи на ученици, наставници и членови на тимот за изготвување на Самоевалуацијата и Програмата за развој.

Инспекторите посетија 30 наставни часови кај исто толкав број на наставници во училишта (посетата се изврши по половина час кај секој наставник). Не се посетени тројца наставници од кои: еден е на породилно боледување и двајца наставници немаат часови по распоред за време на Интегралната евалуација

Од целокупната евиденција и документација која беше приложена и разгледана за време на надзорот, разговорите водени со различните фокус групи, од посетените наставни часови, анализата на претходно доставените прашалници и се она што можеше да се види на лице место, тимот од државни просветни инспектори констатира дека работата во ООУ „Страшо Пинџур“ с.Соколарци е **2.80 добро[1].** Оваа оценка претставува збир на целокупната состојба во училиштето која е извлечена од евалуацијата на сите седум подрачја кои беа во фокусот на внимание на инспекцискиот тим. За ваквата оценка придонесува согледувањето на објективните, но и субјективните причини. Инспекцискиот тим вниманието повеќе го посвети, како на објективните, така и на субјективните причини кои значително влијаат на општата оценка на работењето на училиштето и можат во иднина да влијаат на позитивниот развој на училиштето. Во анализата на субјективните причини, потврдено е дека сите субјекти кои го сочинуваат воспитно-образовниот процес, управата на училиштето, наставниците, учениците, родителите и пошироката заедница, подеднакво се заслужни за квалитетот на воспитно-образовниот процес во училиштето.

Училиштето ги реализира наставните планови и програми според пропишаниот обем, предложени од Биро за развој на образование, а донесени од Министерството за образование и наука и воедно се применуваат учебници одобрени од Министерството за образование и наука. Учениците од прво до деветто одделение по наставните предмети математика, физика, биологија, хемија и природни науки следат настава по нови наставни програми, превземени и адаптирани од наставните програми по Кембриџ.

За учениците од прво до трето одделение се реализира и проширена програма во централното и подрачните училишта.

Содржините во најголем број наставни програми овозможуват постигање на целите за меѓуетничка интеграција во образованието, и ги вклучуваат точките на акции од воспоставените еколошки стандарди за одржлив развој и еколошки теми.

Во редовна настава има нема ученици со посебни образовни потреби ( со наод и мислење) има четири ученика се со потешкотии во учењето, за овие ученици наставиците не изготвуват индивидуални образовни планови (ИОП). Училиштето има

[1] Според класификацијата од Индикаторите за квалитет на основните и средните училишта, постојат четири квалитативни нивоа:

1. Не задоволува,
2. Делумно задоволува,
3. Добро и
4. Многу добро.

формирано Инклузивен тим со Решение бр.02-478/2 од 07.10.2018 година, во училиштето нема вработено дефектолог.

Постапката за избор на изборните наставни предмети се спроведува во согласност со насоките дадени од страна на Биро за развој на образованието. Изборот го вршат учениците и нивните родители од листа на предмети преку анкетирање.

Со Годишната програма за работа на училиштето се планираат воннаставни активности: ученичките натпревари, активности на ученичката заедница, општествено корисна и хуманитарна работа, ученичките екскурзии и слободните ученички активности. Учениците во воннаставните активности се вклучуваат по сопствена желба и интерес.

Во училиштето е регистриран Училишен спортски клуб “Страшо Пинџур“ с.Соколарци, со дел бр. 03-01/8 од 20.03.2015 година. УСК е регистриран и во Централен регистар со дел.бр.30920140001732 од 27.03.2014 година. Училиштето во рамките на своите можности, се натпреварува во системот на натпреварување преку Федерацијата на училишен спорт. Најзастапен спорт е ракомет. Училиштето планира и реализира разновидни воннаставни активности што ги одразуваат потребите и интересите на учениците и служат за развој на граѓанските и општествените компетенции за доживотно учење.

Од анонимната анкетата што беше спроведена со сите наставници и определен број на ученици и родители, како и од разговорите со фокус групите, може да се констатира дека најголемиот број наставници сакаат да работат во ова училиште, дека постои добра комуникација меѓу вработените и дека училиштето е добро раководено. Најголемиот дел од наставниците сметаат дека соработката со родителите е добра, дека на учениците им даваат повратни информации, а учениците се одговорни кон наставата. Најголемиот број од родителите сметаат дека нивните деца сакаат да учат во ова училиште, дека наставниот кадар редовно им ги кажува добрите страни за нивните деца и навремено ги известува за нивниот напредок. Најголемиот дел од родителите сметаат дека хигиената во училиштето е добра. Училишниот двор е во голема мера среден.

Најголем број од анкетираните ученици се изјаснија дека предавањата на наставниот кадар се јасни, од нив добиваат добри совети и ги пофалуваат.

Учениците се задоволни од односот на наставниците, дисциплината и од хигиената во училиштето.

Најголемиот број од учениците постигнуваат добри резултати. Општ е впечатокот дека наставниците ги поддржуваат учениците кои се истакнуваат со својата посветеност и учење, но евидентна е и поддршката за учениците кои не се доволно активни и со нив се работи на планот на подобрување на успехот.

Интеракцијата и изборот на форми и методи во наставата е добра. Интеракцијата меѓу наставниците и учениците, како и приодите на наставниците кон учениците е добар. Поголемиот број од наставниците применуваат современи форми и методи на оценување на учениците, стандарди, критериуми, портфолија и слично.

Наставниците и учениците се запознаени дека во училиштето е забрането секаков вид на насилство.Родителите истакнуваат дека нивните деца во училиштето се безбедни, како од физички аспект, така и од аспект на влијанија на недозволени пороци. Советот на родителите, бара да убрза постапката за реконструкција на фискултурната сала во с.Чешиново и да се постави соодветна патна сигнализација на патиштата покрај сите училишта.

Во училиштето има пет вработени обучени да дава прва помош на учениците при несреќни случаи, еден во централното и по еден наставник во подрачните училишта.

Во училиштето нема организирано исхраната на учениците ( освен во подрачното училиште во с.Уларци), учениците со храна се снабдуваат од околните продавници кој се во непосредна близина на училиштето.

Хигиената во тоалетите за наставниците е на добро ниво, за учениците делумно задоволува.

Поголемиот дел од наставниот кадар ужива добар респект кај родителите и учениците, а најголемиот дел од наставниците се идентификуваат со училиштето.

Родителите се изјаснија дека се задоволни од ангажманот на наставниците, од раководењето, од хигиената и одржувањето на училниците.

Училиштето остварува добра соработка со локалната заедница и со бизнис секторот, учествувало на повеќе манифестации како поддршка на локалните иницијативи.

Просторните капацитети во ООУ „Страшо Пинџур“ с.Соколарци се добри и ги задоволуваат потребите од училишен простор, како во централното училиште така и во порачното училиште.

Во рамките на училиштето има фискултурната сала со површина од 171 м$^2$ со стандардна висина, доволно осветлена. Фискултурната ги задоволува потребни за реализација на наставата по Физичко и здравствено образование. Хигиената во фискултурната сала е добра. Кога временските услови се поволни наставата се реализира на отворените спортски терени.

Училиштето систематски го следи и подржува професионалниот развој на наставниците.

Училишниот одбор ги извршува своите обврски и презема конкретни чекори за идентификување на состојбите, поставување на приоритети и предлагање иницијативи и активности за подобрување на постигањата на учениците. Директорот на училиштето е посветен на идентификација на слабите страни на училиштето и презема активности за нивно надминување. Директорот е посветен и одлучен, зацртаните училишни политики да се реализираат. При донесување на важни одлуки секогаш го информира Училишниот одбор.

Училишниот одбор има воспоставено партнерски однос со раководниот орган на училиштето и другите образовни структури.

Директорот на училиштето има изградено личен кредибилитет и професионален однос кон работата при што се потпира на најновите знаења и вештини стекнати преку обуки.

Училиштето има изработено Самоевалуација архивски број 01-548/1 од 30.08.2018 година за периодот од две години. Во самоевалуацијата се набележани клучните јаки страни, но и клучните слаби страни. Училиштето издвоило идни активности и приоритетни подрачја, кои се внесени во Планот за развој.

За учебната 2019/2020 година училиштето има изготвено Годишна програма за работа архивски број 01-386/1 од 29.08.2019 година, во законскиот рок и истата е усвоена од Советот на Општина Чешиново-Облешево.

Училиштето има донесено Програма за развој на училиштето за периодот од 2016 година до 2020 година архивски број 01-414/1 од 31.08.2016 година.

Училиштето има Статут архивски број 20-741 од 14.04.2015 година кој треба да се усогласи со последните законски измени.

## КАРАКТЕРИСТИКИ НА УЧИЛИШТЕТО

ООУ „Страшо Пинџур“ с.Соколарци е основно училиште рамномерно распространето во дел од општината Чешиново-Облешево. Воспитно-образовниот процес се одвива во четири населени места од кои во едно централно и во три подрачни училишта во селата: Чешиново, Спанчево и Уларци. Подрачното училиште во с.Жиганци е привремено затворено поради мал број на ученици. Две од вкупно четирите училишта се полни деветгодишни училишта, додека во останатите две има само одделенеска настава до петто оделение.

Училиштето според документацијата се води како основно училиште со седиште во с. Соколарци, но повеќе години целокупната архивска документација, стручна и администартивна служба, како и директорот на училиштето како седиште го користат подрачното училиште во с. Чешиново.

Жителите од населените места каде е лоцирано ООУ „Страшо Пинџур“ с.Соколарци претежно се занимаваат со земјоделие. Според контактите остварени со родителите преку анкетните прашалници и Советот на родители, тие се свесни за улогата на училиштето во местата каде живеат. Еден дел од родителите кон наставниците се однесува заштитнички, додека останатиот дел истакнуваат и слаби страни кои бараат да бидат земени предвид со цел да се подобри состојбата во училиштето.

Наставата во ООУ „Страшо Пинџур“ с.Соколарци се изведува на македонски наставен јазик. Во училиштето во учебната 2019/2020 година настава следат вкупно 169 ученици распоредени во 21 паралелки. За период од три години од претходната интегрална евалуација, бројот на ученици е намален за 27 ученика, односно за околу 16%. Причините за ова се отселувањето на жителите во странство или во поблиските градови во потрага по подобра егзистенција, помал број на склучени бракови и др.

Училиштето има решение за верификација број 13-648/8 од 24.12.1985 година издадено од страна на Министерството за образование и наука.

Воспитно-образовниот процес го реализираат 33 наставника ( 29-ВСС и 4-ВШС) на македонски наставен јазик.

Училишниот простор ги задоволува потребите според бројот на ученици за изведување на настава.

Училишниот Библиотеката има фонд од 2 772 наслов ( 6 591 книги), добри просторни услови и богат книжниот фонд. Во библиотеката се вработени пет наставника кој доплнуваат до полно работно време.

# 1 НАСТАВНИ ПЛАНОВИ И ПРОГРАМИ

## 1.1. Реализација на наставни планови и програми

Наставата во ООУ“Страшо Пинџур“ с.Соколарци, се организира и реализира според наставните планови и програми за деветгодишно основно образование. Училиштето ги реализира наставните планови и програми предложени од Биро за развој на образование, а донесени од Министерството за образование и наука.

Наставите програми се реализираат преку користење на одобрени учебници од Министерството за образование и наука, но до училиштето не се испорачани потребниот број на учебници согласно барањето испратено до Министерството за образование и наука. Недостасуваат учебници за македонски јазик, музичко образование, работа со компјутери, општество, информатика и техничко образование.

Во училиштето се реализира и програма “Образование за животни вештини", со вкупен фонд од 36 часа. На часовите на одделенската заедници, од страна на одделенските раководители се спроведуваат активности, предавања и работилници. Во прво одделение, содржините од оваа програма се интегрираат во наставните предмети.

Помал дел од наставната програма по физичко и здравствено образование во подрачните училишта во село Чешиново и село Спанчево се реализира со потешкотии поради немање на фискултурна сала. Наставата во прво одделение во целото училиште не се реализира согласно измените на Законот за основно образование, односно не се обезбедени согласности од Министерството за образование и наука за ново финансирање на 12 наставни часа по Физичко и здравствено образование во прво одделение.

Училиштето ги информира родителите за целите на наставните планови и програми што се реализираат на првата родителска средба, додека учениците се запознаваат на почетокот на учебната година, од страна на предметните наставници и одделенскиот раководител. Училиштето изработува брошура за запознавање на родителите со организацијата на работата на училиштето.

Во училиштето нема деца со посебни образовни потреби, идентификувани се само четири ученици со потешкотии, кои се вклучени во редовната настава и за нив не се изработуваат индивидуални образовни планови.

Постапката за изборни предмети се почитува во целост со доследно почитување на потребите и барањата на учениците. Во училиштето има воспоставена процедура за изборните предмети преку анкетирање на родителите. Изборот на предмети е според наставниот план и програма.

За учениците од прво до трето одделение се реализира и проширена програма во централното и подрачните училишта.

## 1.2 Квалитет на наставните планови и програми

Во училиштето се негува етничката рамноправност и мултикултурната сензитивност при реализацијата на наставните планови и програми. Училиштето нема планирани активности за прибирање на мислења и нивно разгледување за наставните планови и програми. Училиштето нема направено посебни истражувања, колку учениците, родителите и наставниците се задоволни од наставните планови и програми.

Во училиштето нема припадници на други етнички заедници меѓу учениците и меѓу наставниците.

Во реализацијата на наставните планови и програми постојат добри примери на соодветно интегрирање и прилагодување на особеностите на локалната средина како и

во содржините и активностите за негување на меѓуетничка интеграција во образованието. Училиштето е вклучено од 2015/16 во Проектот за меѓуетничка интеграција во образование (УСАИД), со партнер училиштето ООУ "Кирил и Методиј" од село Стајковци Скопје, а од декември 2017 година е вклучено во проектот Мултиетничка Интеграција на Младите во Образованието (МИМО). За спроведените активности не се добиени парични средства. Заеднички активности со училиштето-партнер се реализирани и во оваа учебна година, за патроните празници на училиштето и преку размена на Осмомартовски честитки.

Наставниците ја поврзуваат локалната средина со одредени наставни содржини, најчесто при одбележување на локални манифестации, општински и меѓуопштински празници, учество на предавања, ликовни и литературни конкурси и натпревари.

Училиштето има разработено насоки за вградување на меѓупредметните цели во сите наставни програми што се реализираат. Иако учениците генерално имаат добро поведение, сепак потребно е дополнително и сеопфатно истакнување на меѓупредметните цели во делот на зголемување на одговорноста на учениците кон училишниот инвентар и имотот на училиштето.

Училиштето има интегрирано еколошки содржини од еколошката програма во планирањата по наставни предмети, согласно на Програмата и Планот на активности. Поголем број од наставниците ги спроведуваат планираните активности.

Квалитетот на планирањата на наставниците го следи стручната служба во училиштето.

Училиштето нема покренато иницијатива до Биро за развој на образование и Министерство за образование и наука за изменување и дополнување на наставните планови и програми

Училиштето им дава целосна поддршка на наставниците во реализацијата на наставните програми преку обезбедување на ресурси, компјутерската опрема и канцелариски материјали.

## 1.2. Воннаставни активности

Училиштето планира и реализира разновидни воннаставни активности што ги одразуваат потребите и интересите на учениците.

Поголем број на ученици се вклучени барем во една воннаставна активност за поддршка на развојот на граѓанските и општествените компетенции, без разлика на нивниот пол и социјално потекло. Училиштето обезбедува услови за вклучување на ученици од семејства со низок социо-економски статус во воннаставните активности.

Учениците се вклучуваат во воннаставните активности според сопствен избор низ транспарентна процедура. За секоја воннаставна активност определени се одговорни наставници.

Покрај воннаставните активности кои се дел од државните образовни политики, како што е Прием во детска организација, одбележување на Недела на мобилност, Светски ден на акција, Ден на планетата земја, Ден на пролетта, Национална акција за чистење, во училиштето повремено се реализираат и активности како презентации на тема здрава храна, презентација на тема безбедност во сообраќајот, хуманитарно-донаторски акции за ученици од училиштето и општината, манифестации и прослави по повод денот на училиштето или денот на општината.

Стручната служба организира и поголем број на работилници и предавања на учениците понекогаш и во соработка со други институции.

Училиштето планира и реализира и ученички екскурзии согласно Правилникот за начинот на организација и спроведување на екскурзии во основното образование. Со

годишната програма се планираат и се реализираат еднодневна, дводневна и тродневна екскурзија и еднодневни прошетки и излети во блиската околина на училиштето. Поради малиот број на ученици, агенциите го вклучуваат училиштето со други помали училишта од општината за да се постигне економска исплатливост.

Учениците, со помош и поддршка на училиштето и од наставниците, учествуваат на различни манифестации и натпревари работат на проекти од различни области што се организираат на локално, регионално и национално ниво.

Постојат и се користат средства за афирмирање на воннаставните активности преку сопствената веб-страна, фејсбук-профил, локални и општински медиуми, училишни прослави.

Во училиштето е регистриран Училишен спортски клуб "Страшо Пинџур" с.Соколарци, со дел бр. 03-01/8 од 20.03.2015 година. УСК е регистриран и во Централен регистар со дел.бр.30920140001732 од 27.03.2014 година. Училиштето во рамките на своите можности, се натпреварува во системот на натпреварување преку Федерацијата на училишен спорт. Најзастапен спорт е ракомет.

## 2. ПОСТИГАЊА НА УЧЕНИЦИТЕ

### 2.1. Постигања на учениците

Училиштето редовно врши анализа за постигањата на ученицете, за што изготвува полугодишни и годишни извештаи, во кои се дадени податоци за постигањата на учениците по пол и наставни предмети, за учениците од IV до IX одделение. Стручната служба изготвува табеларен преглед на тримесечје во кој е дадено само колкав број на ученици се описно или бројчано оценети и колку не се оценети.

. Средниот успех на учениците на крајот од првото полугодие од учебната 2016/2017 година изнесува 3,92 % во учебната 2017/2018 година, 3,80% и 3,92% на крајот од првото полугодие од учебната 2018/2019 година.

Средниот успех на учениците, на крајот на учебната година, во последните три учебни години, изнесува 3,89% за учебната 2016/2017 година, 3,95% за учебната 2017/2018 година и 4,05% на крајот од учебната 2018/2019 година.

Во учебната 2019/2020 година, во редовната настава, вклучени се четири ученици со потешкотии во учењето, идентификувани од страна на Инклузивен тим. Стручните соработници во соработка со одделенските и предметните наставници ги анализираат индивидуалните постигања на учениците, со предлог мерки за подобрување на нивниот успех. Во училиштето во последните три учебни години не се идентификувани надарени и талентирани ученици.

Училиштето има изготвено распоред за дополнителна и додатна настава, кој во одделенска и предметна настава, се реализираат во пропишаниот обем, од страна најголем број наставници, согласно Наставниот план за деветгодишно основно образование. Дополнителна и додатна настава се реализира континуирано во текот на целата учебна година.

Кога кај учениците ќе се евидентира намалување на успехот или поголем број на отсуства од настава, се известува стручната служба во училиштето - психологот, за спроведување на постапка за советување на родители.

Во учебната 2016/2017 година е извршено советување на 64 родители, (3 по основ на нередовна посета на настава, 57 по основ на негативна оценка по три или повеќе предмети и 4 по основ на несоодветно однесување на ученикот), во учебната 2017/2018 година е извршено советување на 44 родители (3 по основ на нередовна посета на настава и намален успех, 31 по основ на негативна оценка по три или повеќе предмети и 3 по основ на несоодветно однесување на ученикот) и во учебната 2018/2019 година е извршено советување на 43 родители (1 по основ на нередовна посета на настава, намален успех, несоодветно однесување на ученикот и 39 по основ на негативна оценка по три или повеќе предмети и 3 по основ на негативна оценка по три или повеќе предмети и несоодветно однесување). Психологот на училиштето води уредна евиденција и документација за советувањата на родителите.

Учениците, со помош и поддршка од училиштето и наставниците, учествуваат на натпревари кои се организираат на општинско, регионално и државно ниво.

Во учебната 2018/2019 година, ученици учествувале на општински, регионални и државни натпревари по македонски јазик, географија, англиски јазик, математика, природни науки, биологија, општински натпревар по прва помош и регионални хорски смотри, на кои имаат освоени прво, второ и трето место или учениците биле наградени со пофалница.

Во училиштето се прогласува ученик на генерацијата, согласно дадени критериуми во Правилникот за начинот на избор на ученик на генерацијата, (бр. 01-454/1 од 04.06.2018 година), кој се наградува со награда обезбедена од училиштето. Училиштето

ги наградува и учениците кои имаат освоено прво, второ или трето место на регионален или државен натпревар, согласно Правилникот за видовите пофалби и награди на учениците, (бр.01-641/1 од 27.12.2016 година).

### 2.2. Задржување и осипување на учениците

Училиштето ги опфаќа учениците од општина Чешиново - Облешево, од населените места: с.Соколарци, с.Чешиново, с.Спанчево, с.Новодселани, с.Уларци и с.Жиганци.

Податоци за училишните обврзници се обезбедуваат од Министерството за внатрешни работи, преку Државниот просветен инспекторат.

По пат на соопштение кое се објавува на огласна табла во училиштето и подрачните училишта и на facebook страната на училиштето, родителите се известуваат за постапката за запишување на децата во училиштето.

До родителите се испраќаат покани за запишување на детето во основно образование, во кои се информираат и за потребната документација и терминот за упис.

Уписот и тестирањето на децата го врши комисија формирана од директорот.

Во учебната 2019/20 година од вкупно 27 деца од списокот на Министерството за внатрешни работи, запишани се 15 ученици и 1 ученик е запишан од претходната учебна година, 7 ученици се иселени и 5 ученици се запишани во други училишта.

Училиштето систематски ја следи редовноста на учениците, ги анализира причините за отсуство од настава и превзема конкретни активности.

Вкупниот број на изостаноци по ученик во последните три учебни години изнесува: во учебната 2016/2017 година, 25,1% изостаноци од кои 22,61% оправдани и 2,49% неоправдан изостаноци по ученик, во 2017/2018 година, 30,56 изостаноци од кои 30,25 оправдани и 0,31% неоправдан изостаноци по ученик и во учебната 2018/2019 година, 28,03% изостаноци од кои 28,03% оправдани и 0,77% неопрадан изостаноци по ученик.

Училиштето го следи осипувањето на учениците. Најчести причини за намалувањето на бројот на ученици е иселувањето и заминувањето во странство, како и запишување на учениците во друго училиште.

Во учебната 2016/2017 година, од училиштето е испишан еден ученик, во учебната 2017/2018 година, испишан е еден ученик, во учебната 2018/2019 година испишани се двајца ученици поради заминување во странство и од почетокот на учебната 2019/20 година, испишани се 10 ученици од кои 9 ученици се запишани во друго училиште и 1 ученик заминал во странство. Постапката за премин на ученици од едно во друго училиште се почитува во целост.

За учениците кои заминале во странство училиштето нема повратна информација дали учениците го продолжиле своето образование.

### 2.3. Повторување на ученици

Годишните извештаи и споредбените анализи покажуваат дека во изминатите три учебни години нема ученици кои ја повторувале годината .

За учениците со една или две слаби оценки на крајот на учебната година се организира продолжителна настава.

Во учебната 2016/2017 година, 6 ученици и во учебнта 2017/2018 година, 4 ученици биле упатени на продолжителна настава со една или две слаби оценки, кои по завршување на истата преминале во друго одделение.

Во учебната 2016/2017 година, 2 ученици биле упатени на полагање на одделенски испит, поради голем број на изостаноци.

Училиштето ги запознава учениците и родителите со правото за поднесување на жалба до Наставнички совет доколку постои незадоволство од одредени оценки на крајот на учебната година. Во последните три учебни години, не се поднесени приговори до Наставнички совет, поради незадоволство од оценки.

## 3. Учење и настава

### 3.1. Планирања на наставниците

Во училиштето се работи според усни процедури за поддршка и следење на планирањето на наставата од страна на стручната служба и директорот. Најмалку двапати во едно полугодие се следат планирањата на наставниците од страна на директорот и стручната служба, преку посета на часови. Училиштето им обезбедува поддршка на наставниците за вградување на целите од интегрираното образование и еколошките содржини во планирањата на наставниците.

Најголем број од наставниците ја планираат редовната, додатната и дополнителната настава. Имаат подготвени годишни, тематски планирања и планирање за наставен час, односно годишни и тематски процесни планирања што ги содржат во поголем број сите неопходни елементи за успешна организација и реализација на часот. Целите на наставата, очекуваните исходи и начинот на оценување се јасни за учениците.

Активностите кои се планираат и реализираат овозможуваат ефективно искористување на времето од часот за постигање на очекуваните исходи.

Наставниците планираат на ниво на стручни активи, изготвуваат програми и извештаи за работата на стручните активи во училиштето, а за состаноците се водат записници. Во минатата и во оваа учебна година активни се девет стручни активи, а во нивната работа по потреба се вклучуваат и стручните соработници.

Распоредот на часови го изработува наставник по физика. Училиштето навремено изработува распоред за додатна и дополнителна настава и истиот ги вклучува и распоредите на часови во подрачните училишта. Во оваа година не се евидентирани блок-часови како што имало случаи во минатите учебни години, поради ангажманот на наставниот кадар во повеќе училишта.

### 3.2. Наставен процес

Најголем број од наставниците користат разновидни наставни форми и методи. Наставниците користат добро испланирани и соодветни активни методи за работа со учениците, индивидуално, во парови, во групи или заедничка работа со целата паралелка. Наставниците генерално, користат исти приоди за сите ученици, независно од индивидуалните способности за учење.

Наставниците во одделенска настава користат поголем број на дидактички нагледни средства и почесто применуваат наставни техники при реализација на наставата.

Во деветгодишните училишта во Чешиново и Соколарци, има шест односно еден кабинет за реализација на предметната настава. Во овие училишта се инсталирани 30 работни места во три училници односно 35 работни места во четири училници. За учениците од прво до трето оддделение се обезбедени доволен број на функционални лап-топ компјутери. Во ПОУ Чешиново е обезбедена и една смарт табла во предметна настава. Поголем број од наставниците се обучени за употреба на ИКТ и примена на активни методи на учење но истите не ги применуваат во целост за реализација на наставните програми, понекогаш и од технички причини како нефункционална ИКТ опрема или непостојан интернет. Наставата во предметите од природните науки (пред се физика) се реализира со редовно примена на нагледни средства и демонстрациони вежби.

Наставата по физичко и здравствено образование во зимски услови се реализира отежнато поради несоодветните просторни услови во Чешиново и Спанчево. Во такви случаи учениците работат во училници.

Задачите што се работат во училиште или дома се планирани и поврзани со работата на учениците за време на часовите. Изборот на задачите и активностите најчесто се добро приспособени на индивидуалните образовни потреби на учениците. Сепак родителите имаат забелешки дека понекогаш учениците добиваат домашни задачи да истражуваат на интернет, но не сите родители можат да им обезбедат компјутер и пристап до интернет на своите деца.

Ограничувачки фактор за успешна настава е и нецелосното доставување на бесплатни учебници од Министерството за образование и наука; за учениците по неколку наставни предмети.

Во училиштето не се идентификувани ученици со посебно образовни потреби, но се работи со четири ученици кои имаат одредени потешкотии во напредувањето. Со овие ученици не се работи според индивидуални образовни планови (ИОП). Наставниците користат различни ресурси и приоди за учење и настава, не ограничувајќи се исклучиво на учебници и дополнителна прирачна литература.

Поголем број наставници редовно ги споделуваат целите на наставата и очекуваните исходи со учениците. Најголем број од наставниците наставата ја реализираат со различни интерактивни методи. Се промовираат различни начини на учење и градење на доверба меѓу наставниците и учениците.

Најголем број наставници се однесуваат со учениците на начин кој промовира заемно почитување, помош, соработка, разбирање и доверба без да прават разлика меѓу учениците според нивниот пол и социјалното потекло. Родителите и учениците немаат забелешки на приодот на наставниците кон наставата и односот кон учениците. Сепак, учениците прават селекција помеѓу наставниицbackите во однос на начинот на реализација на наставата.

Училиштето има утврдена интерна процедура за следење на наставниот процес, а секој наставник се посетува на час најмалку двапати во полугодие од директорот и стручната служба. Наодите од следењето се користат за подобрување на наставниот процес. Посетите на часови се најавени и ненајавени, во зависност од целите, а ги вршат заедно директорот, педагогот и психологот во училиштето.

### 3.3. Искуства на учениците од учењето

Учениците и родителите го доживуваат училиштето како безбедна, стимулативна, инклузивна и мотивирачка средина, што поттикнува интерес за учење. Училишниот простор е естетски уреден. Трудовите на учениците се изложуваат на видни и соодветни места (во училницата и во училиштето), почитувајќи естетски норми и истите редовно се менуваат, согласно со целите на наставата и учењето. Секој ученик добива можност да има изложен труд.

Учениците сметаат дека начинот на кој се учи во училиштето е интересен и она што се учи е поврзано со секојдневието. За време на часот, поголем број наставници ги охрабруваат учениците самостојно и критички да мислат, да поставуваат прашања и да изведуваат заклучоци за она што го учат. Најголем број од наставниците тежнеат да ги активираат сите ученици во сите фази од часот.

Учениците имаат можност да го кажат своето мислење и тоа да биде земено предвид при одлучувањето и решавањето на одредени проблеми. На учениците им се овозможува да иницираат активности и преземат одговорност во и надвор од наставата.

### 3.4 Задоволување на потребите на учениците

Наставниот кадар и стручната служба ги идентификуваат образовните потреби на учениците, како и пречките во процесот на учење на секој ученик и преземаат активности за нивно остварување, односно за нивно отстранување.

Различните потреби на учениците се задоволуват преку пристапот во редовната настава, дополнителна и додатна настава, секциите и воннаставните активности. Најголем дел од наставниците наставата ја реализираат интерактивно со активно вклучување на учениците. Учениците со потешкотии се идентификуват првенствено од наставниците, а во нивното следење и поддршка се вклучуваат и педагогот и псиохологот.

Соработката со родителите на учениците има важна улога и наставниот кадар остварува целосна и навремена комуникација.

### 3.5 Оценувањето како дел од наставата

Училиштето ги применува позитивните законски и подзаконски прописи што го регулираат оценувањето на учениците. Училиштето има дефинирана политика за оценувањето во која основна цел е да го поддржи учењето на секој ученик. Училиштето ги запознава учениците и родителите со критериумите за оценување. Помал број од наставниците немаат посетено обуки за формативно и сумативно оценување, но сепак користат инструменти и пристапи кои се дел од формативното оценување.

Наставниците користат разновидни методи и инструменти за оценување и континуирано го следат и го оценуваат напредокот на учениците. Учениците се вклучуваат во оценувањето (преку самооценување, меѓусебно оценување, водење портфолија и сл.). Приодите во оценувањето им овозможуваат на учениците да ги подобруваат постигањата.

Наставниците редовно им даваат повратни информации на учениците за нивната работа, за нивниот напредок и постигањата. Наставниците во голем број ги искористуваат информациите добиени од оценувањето за да го подобрат планирањето и реализацијата на наставата.

### 3.6 Известување за напредокот на учениците

Училиштето има утврден систем за известување на родителите за напредокот на нивните деца и доследно го применува. Системот вклучува редовно прибирање информации за постигањата на учениците и давање транспарентна и конкретна повратна информација на родителите и учениците за оценката. За таа цел се користат организирани формални и неформални средби, групни средби (за пренесување на информациите за паралелката во целина) и индивидуални средби (за пренесување информации за конкретен ученик) со родителите. Наставниците се достапни за родителите секојдневно, па од тие причини нема отворен ден во училиштето.

Родителите добиваат и пишани извештаи со информации за напредокот на нивното дете по секој наставен предмет (евидентни листови). Најголем број од наставниците го водат и го ажурираат електронскиот дневник редовно, на седмична основа. Родителите немаат пристап до него, односно од почетокот на учебната година не добиле смс-известувања.

# 4. ПОДДРШКА НА УЧЕНИЦИТЕ

## 4.1 Севкупната грижа за учениците

Инфраструктурата во училишните згради е безбедна и не претставува потенцијална опасност од повреда на учениците.

Пристапот во училишните згради е прилагоден на потребите на лица со телесни пречки во развојот.

Пет наставници од училиштето имаат посетувано обука за давање на прва помош на ученици и вработени при несреќни случаи, од кои еден наставник е во Централното основно училиште и четири наставници во Подрачните училишта.

Училиштето има и План за заштита и спасување од природни непогоди и други несреќи за објектот во с. Соколарци, (бр.01- 557/1 од 14.11.2016 година), за објектот во с.Спанчево, (бр. 01-557/3 од 14.11.2016 година), за објектот во с.Чешиново, (бр.01-557/1 од 14.11.2016 година) и за објектот во с. Уларци, (бр.01-557/4 од 14.11.2016 година) и Проценка на загрозеност од природни непогоди и други несреќи за зградата во с.Чешиново, (бр.01- 558/1 од 14.11.2016 година), за објектот во с.Соколарци, (бр.01-558/1 од 14.11.2016 година), за објектот во с.Спанчево, (бр.01-558/3 од 14.11.2016 година) и за објектот во с. Спанчево, (бр.01-558/3 од 14.11.2016 година). На Планот за заштита и спасување од природни непогоди и други несреќи, позитивно мислење има дадено Дирекцијата за заштита и спасување, бр.10.135/2 од 16.11.2016 година. Во училишните згради е означен правецот на движење на учениците и вработените во случај на елементарна непогода. Вежба за напуштање на училишната зграда при симулација на пожар е спроведена на 7 јуни 2019 година, во училишната зграда во с.Чешиново, каде биле присутни сите ученици од Подрачните училишта. Во училиштето е поставена Шема за евакуација.

Само училишната зграда во с.Чешиново е обезбедена со 8 камери од видео надзор (внатрешен и надворешен видео надзор). За време на одморите се организираат дежурства по ходниците, од страна на наставниците.

Во училиштето во с.Чешиново е поставен 1 хидрант и 13 противпожарни апарати од кои 3 во училишната зграда во с. Соколарци, 5 во с.Чешиново, 3 во зградата во с.Спанчево и 2 апарати во с. Уларци, кои редовно се сервисираат од страна на овластен сервис за одржување. Последно сервисирање е извршено на 03.10.2019 година. Во училиштето има обучено едно лица за ракување со противпожарните апарати и хидранти.

Училиштето склучило договор за осигурување на учениците и вработените со осигурителна компанија. При изборот на осигурителна компанија за осигурување на учениците, биле вклучени Советот на родители.

Зградата на централното училиште и подрачните училишта се осигурани преку осигурителна компанија АД Винер.

Во училиштето нема организирана исхрана за учениците,со храна се снабдуваат од околните продавници. Училиштето има добиено информација дека објектите околу училиштето се регистрирани и влезени во системот на контрола во Агенцијата за храна и ветеринарство.

Училиштето води политика за забрана на пушење, консумирање алкохол и дистрибуција и консумирање на наркотични средства. Од страна на педагошко-психолошката служба во училиштето, со учениците од IX одделение, организирано е предавања на тема „Болести на зависност“. Во училиштето не се евидентирани појави на пушење и конзумирање на алкохол.

Во училиштето се забранува секаков вид на насилство. На часовите на класната заедница се обработуваат теми за ненасилно однесување и мирно разрешување на

конфликти. Педагошко - психолошката служба со ученици од VIII и IX одделение, имаат реализирано работилници на тема „Превенција од насилство“ и „Интернетот и младите“.

Училиштето има процедура за обезбедување на материјални средства за учениците, кои заради социјалната загрозеност на нивните семејства не се во состојба да ја следат наставата под исти услови како и другите ученици.

Во соработка со Црвениот крст од Кочани, се организираат хуманитарни акции за собирање на парични средства, храна и облека, кои им се доделуваат на семејствата. Од страна на Локалната самоуправа за учениците кои потекнуваат од социјално загрозени семејства, се обезбедуваат финансиски средства за исхрана на учениците. Во рамките на училиштето се организираат хуманитарни акции во собирање парични средства, кои се наменети за поддршка на учениците кога одат на екскурзија.

### 4.2 Здравје

Хигиената во училишните простории и ходниците е добра. Потребно е подобрување на хигиената во тоалетите.

Во училиштето, два пати во тековната година се врши дезинфекција, дезинсекција и дератизација (ДДД). Во 2019 година дезинфекција, дезинсекција и дератизација е извршена во јануари и август.

Во состав на Годишната програма за работа на училиштето е и Програмата за грижата за здравјето на учениците, во која се планираат редовните активности (вакцинации, систематски прегледи), но и предавања за здрав развој, здрава храна, хронични болести, болести на зависност, превенција од насилство итн.

Во изминатите три години од страна на педагошко - психолошката служба реализирани се работилници: со учениците од IX одделение, работилница на тема „Нарушување во исхраната и шеќерна болест“ и предавање на тема „Хив сида“, со учениците од 1 до 5 одделение реализирана е работилница на тема „Здрава храна“ и „Моторички развој низ игра“ .и со учениците од 1 до 3 одделение работилница на тема - Безбедност во сообраќајот.

Согласно календарот за здравствена заштита на учениците, се организираат редовни систематски прегледи и вакцини за учениците. Вакцинирањето на учениците се врши во Здравствениот дом во Кочани.

За наставниот кадар, на почетокот на секоја учебна година се вршат санитарни прегледи, за кои прегледи се водат санитарни книшки.

Се вршат и редовни систематски прегледи, за кои прегледи училиштето добива повратна информација за работната способност на вработените.

### 4.3.Советодавна помош за понатамошно образование на учениците

Педагошко - психолошката служба и раководителите на паралелки се одговорни за реализација на активностите предвидени со Програмата за професионална ориентација на учениците.

Со учениците во IX одделение, се организираат активности на часот по македонски јазик на тема „Мојата идна професија“ и „Сакам да бидам“. На часот по информатика, под менторство на наставникот, учениците разгледуваат веб страни на средни училишта, од каде добиваат информација за струките и условите за упис во средните училишта.

Стручните соработници со цел да ги согледаат интересите на учениците од IX одделение рализираат работилница на тема „Желбите и интересите за нивно понатамошно школување“ и „Кој сум јас и што сакам да бидам“. Учениците пополнуваат

прашалник за тоа кое образование би го избрале при нивното понатамошно школување, за што добиваат повратна информација.

Средните училишта, при посета на училиштето, преку презентации, флаери и брошури ги запознаваат учениците со програмите кои се реализираат во средното образование.

Стручната служба води евиденција каде учениците го продолжуваат средното образование.

Во училиштето не се идентификувани ученици со емоционални потешкотии.

Од страна на училишниот психолог, превентивно со учениците од прво до деветo одделение се реализираат работилници на тема „Личен раст и развој и искажување на чувствата “ и со учениците од 9 одделение се реализира прашалник наменет за согледување на вештините кои учениците ги имаат за да се справат со проблематични ситуации. Со учениците од 2 до 5 одделение, се реализира работилница за согледување на чувствата на вина, страв и лутина, искажани преку цртежи.

### 4.4.Следење на напредокот

Наставниците водат евиденција за постигањата, редовноста и поведението на секој ученик во дневникот на паралелката.

Се изготвуваат прегледи и извештаи за постигањата, редовноста и поведението на учениците на крајот на првото полугодие и за крај на учебната година и податоците влегуваат во полугодишниот и годишниот извештај на училиштето.

Со податоците за постигањата и редовноста на учениците родителите редовно се информираат на индивидуални средби и на родителските средби, а писмено преку евидентните листови за секое тримесечје, на полугодие и со свидетелствата на крајот на учебната година.

Училиштето за соработка со родителите е отворено секој работен ден и за таа цел има изготвено распоред за средби на наставниците со родителите.

# 5. УЧИЛИШНА КЛИМА

## 5.1. Училишна клима и односи во училиштето

Училишната клима и односите помеѓу учесниците во воспитно-образовниот процес во училиштето се добри.

Најголем број од наставниците уживаат респект кај родителите и придонесуваат за целосна афирмација на училиштето. Раководниот орган и стручните соработници имаат важна улога во одржувањето на добрата атмосферата во училиштето, остваруваат добра соработка со учениците, наставниците и родителите.

Училиштето има донесено Кодекси за однесување на учениците, наставниците и родителите со кој се регулирани правилата на однесување во училиштето.

Училиштето нема пишани процедури за постапување во случај на кршење на правилата од страна на родителите. Во случај на прекршување на принципите и правилата на однесување од страна на наставниците, пропишани со кодексот, се постапува согласно Законот за основно образование, Законот за работни односи и Законот за јавни службеници. Во изминатите три учебни години, не е покрената постапка против наставник заради непочитување на правилата.

Учениците со Кодексот на однесување се запознаени на почетокот на учебната година од страна на класните раководители. Во случај на кршење на правилата на однесување на учениците во училиштето, на учениците им се изрекуваат педагошки мерки.

Дисциплината на учениците во училиштето е добра. Споредбените податоци покажуваат дека најголем број од учениците се со примерно поведение.

Во учебната 2016/2017 година, на 6 ученици е намалено поведението на добро, во учебната 2017/2018 година, изречени се 7 педагошки мерки (6 усни опомени и една писмена опомена) и во учебната 2018/2019 година изречени се 4 усни опомени.

Во училиштето е донесен Куќен ред, во кој се утврдени правилата на однесување во училиштето.

Во училиштето има формирано Ученичка заедница, која има Годишна програма за работа.

За реализацијата на содржините од програмата за работа, учениците добиваат поддршка од стручните соработници во училиштето. Учениците самоиницијативно не превземаат чекори за реализирање на активности во интерес на учениците и покрај тоа што сметаат дека постојат теми за кои како ученичка заедница имаат одговорност. Учениците преку ученичката заедница најчесто се носители на хуманитарни акции и активности за патрониот празник на училиштето, одбележување на значајни датуми и настани.

## 5.2. Промовирање на постигањата

Стручната служба ги собира податоците за успехот, поведението и отсуствата на учениците и изготвува извештаи со статистички податоци, со споредбени показатели за исти периоди во различни учебни години.

Резултатите од постигањата на учениците се внесуваат во полугодишните и годишните извештаи на училиштето.

Групните и поединечните постигања на учениците се промовираат во рамките на училиштето, на патрониот празник, преку училишниот весник „Пинџурчиња“ и на Facebook страната на училиштето.

Лични изработки и творби на учениците се истакнуваат во училниците каде учат учениците и во ходниците.

### 5.3. Еднаквост и правичност

Во училиштето се води политика на еднаквост помеѓу сите ученици без разлика на пол и социјално потекло. Сите вработени во училиштето, правично се однесуваат со сите ученици.

Училиштето води политика на позитивно вреднување и промовирање на родовата, етничката, културната, верската и јазичната разновидност во училиштето и во заедницата и нивно заемно прифаќање. Од учебната 2015-2016 година во училиштето се реализира Проектот за Меѓуетничка интеграција во образованието и е завршен во 2016/17 година, а од декември 2017 година е вклучено во проектот Мултиетничка Интеграција на Младите во Образованието (МИМО). Активностите се планирани во Годишната програма на училиштето и се реализираат со изготвен акциски план преку работилници, научно-истражувачка работа, натпревари и др.

Учениците учат да ја почитуваат сопствената култура и традиција и културата и традицијата на другите етнички заедници во Република Северна Македонија, без оглед на која етничка група им припаѓаат и на кој јазик ја посетуваат наставата. Заради негување на мултикултурализмот се планираат, организираат и реализираат заеднички наставни и вonнаставни активности меѓусебно помеѓу учениците, наставниците и родителите и со партнер училиштето ООУ,, Св.Кирил и Методиј“ с. Стајковци. Наставниците имаат планирано интегрирани содржини за меѓуетничка интеграција во образованието.

### 5.4. Партнерски однос со родителите и со локалната и деловната заедница

Родителите во работата на училиштето се вклучуваат преку формалните законски форми - Совет на родители и Училишен одбор.

Комуникацијата со родителите најчесто се воспоставува за време на Совет на родители, родителски средби, при индивидуални средби, Советување на родители.

Задолжително се одржуваат по две родителски средби во прво полугодие и две родителски средби во второ полугодие. Училиштето има и отворен ден за соработка со родителите.

Родителите се запознаени со Програмата за работа на училиштето, со правата и обврските на учениците, на родителската средба која се организира на почетокот на учебната година и преку информативната брошура за родители.

Училиштето соработува со локалната самоуправа - учествува во одбележувањето на значајни настани, манифестации организирани во рамките на општината и при планирање и реализација на проекти кои се од непосреден интерес за подобрување на работата во училиштето.

Подршката од Локалната самоуправа и Градоначалникот на општината е на високо ниво, особено во делот на средства за тековно одржување, финансиска помош за реализација на капитални проекти, бесплатна исхрана за учениците од социјално ранливите категории и доделување награди летување на 15 ученика со континуиран одличен успех и примерно поведенио.

Училиштето соработува со институциите на локалната заедница: Полициска станица Кочани, Противпожарна станица Кочани, Центар за јавно здравство Кочани, Дом на културата Кочани, Библиотека „ Искра“- Кочани, ЈОУГД „Ѕвездички“и др.

# 6. РЕСУРСИ

## 6.1.Сместување и просторни капацитети

Училишните згради се од тврда градба. Училишната зграда во централното училиште се состои само од приземје. Училишниот простор во целост ги исполнува условите за работа, како за учениците, така и за наставниците и другите вработени. Воспитно-образовната дејност училиштето ја реализира во една училишна зграда во с.Соколарци и во една училишна зграда во подрачните училишта во селата: Чешиново, Спанчево и Уларци.

Училишната зграда е изградена во 1952 година со вкупна површина од 611 м$^2$. Зградата располага со 7 училници и 1 кабинети по Информатика, наставничка канцеларија, просторија за техничката служба, библиотека, санитарни јазли и котлара.

Училишниот двор со вкупна површина од 5 134 м$^2$ во него има зелен и асфалтиран дел каде што се лоцирани трите спортски терени (за мал фудбал, кошарка, одбојка и ракомет). Дворот е ограден од трите страни со камена ограда .

Во рамките на училиштето има фискултурната сала со површина од 171 м2 со стандардна висина, доволно осветлена. Хигиената во фискултурната сала е добра. Кога временските услови се поволни наставата се реализира на отворените спортски терени.

Училиштето е обезбедено со 3 атестирани противпожарни апарати.

ИКТ-технологијата и училишната зграда се осигурани во осигурителна куќа „ Нова Осигурување“, вработените се осигурани во осигурителна куќа „Винер“ и учениците се осигурани во осигурителна куќа „ Халк осигурување“.

Хигиената во училиштето е добра. За хигиената во училиштето придонесуваат редовните дежурства на наставниците и техничкиот персонал, како и одговорниот однос на учениците. Редовно на почетокот на учебната година, се врши дезинфекција, дезинсекција и дератизација на училиштето.

Санитарните јазли се во доволен број, согласно бројот на учениците хигената во нив е добра.

Во централното училиште настава посетуваат 58 ученици од I до IX оддление, распоредени во осум паралелки. Наставата се реализира во една смена.

Училишната зграда во с.Чешиново изградена е во 1969 година со површина од 848 м$^2$, располага со 8 училници, 1 просторија за наставниците, секретар, педагог-психолог, техички перосонал, котлара, санитарни јазли и други простории. Училишниот двор е со површина од 8 482 м$^2$, со функционален спортски терени со стандарни димензии за мал фудбал, ракомет и кошарка и санитарни јазли поставени на септичка јама .

Во подрачното училиште настава посетуваат 56 ученици од I до IX оддление, распоредени во седум паралелки. Наставата се реализира во една смена.

Училишната зграда во с.Уларци е изградена во 1960 година со површина од 387 м$^2$, располага со 2 училници, канцеларија за наставниците и други простории. Училишниот двор е со површина од 7 485 м$^2$ со спортски терен со стандарни димензии за мал фудбал, ракомет и кошарка и санитарни јазли поставени на септичка јама .

Во подрачното училиште настава посетуваат 17 ученици од I до V одд. , распоредени во две комбинирани паралелки. Наставата се реализира во една смена.

Училишната зграда во с.Спанчево е изградена во 1936 година со површина од 320 м$^2$, располага со 4 училници, канцеларија за наставниците и други простории. Училишниот двор е со површина од 7 502 м$^2$ со спортски терен со стандарни димензии за мал фудбал, ракомет и кошарка и санитарни јазли поставени на септичка јама .

Во подрачното училиште настава посетуваат 39 ученици од I до V одд. , распоредени во три чисти и една комбинирана паралелка. Наставата се реализира во една смена.

Училишниот простор ги исполнува условите за изведување настава. Училиштето има јасен план и распоред и максимално ги користи расположивите капацитети за изведување на наставата, со што ги задоволува потребите на учениците.

### 6.1. Наставни средства и материјали

Опременоста на училиштето со наставни нагледни средства и други технички помагала е добра, со тенденција на подобрување поради потребата од набавка на дополнителна нагледност, која што е планирана со Програмата за развој на училиштето.

Училиштето ги утврдува потребите за наставни средства и помагала преку анкета со наставниците, за дополнителна набавка на: две смарт-табли, ЛЦД-проектори, интерактивна табла, принтери, скенери, микроскопи, спортски реквизити, за нормално функционирање на воспитно–образовниот процес.Учењето и наставата се збогатени преку користењето на ИКТ од проектот „Компјутер за секој ученик“ во училиштето има 76 активни компјутери распоредени во 9 училници, 16 мали лап-топи за учениците и 15 мали лап-топи за наставниците. Мал број на наставниците ги користат сопствените компјутери за изработка на подготовки и планирања на наставата.

Училишната библиотека располага со 2 772 наслови или вкупно 6 591 книги од различен жанр ( лектирни изданија од I до IX одд – 2 978 , стручна литература -546, 3067 книги се од: слободна литература, домашна литература, светска литература, изданија од нобеловци и др. Најголем број на книги се на македонски јазик додека мал број на книги се на други јазици. За обновување и дополнување на книжниот фонд, посебно за лектирни изданија училиштето континуирано врши набавки во рамките на своите можности. Последна набавка на книги е лектири по новата наставна програма. Во библиотеката работат пет наставници кој немаат полн фонд на часови и се дополнуваат до полно работно време. Библиотекарите имаат изготвено Годишна програма за работа на библиотеката, која што е во состав на Годишната програма за работа на училиштето. Библиотечна евиденција се води во книга и електронски. Библиотеката е отворена за учениците, секој работен ден од 07.30 до 13.30 часот. Училиштето планира и обезбедува потрошен материјал потребен за реализација на наставата. Планирањето и снабдувањето со потрошен материјал се врши согласно планот на училиштето.

### 6.2. Обезбедување на наставен кадар

Училиштето има обезбедено соодветен наставен кадар за реализирање на воспитно-образовниот процес. Наставниот процес во училиштето го реализираат 13 наставника во одделенска настава, 20 наставника во предметна настава или вкупно 33 наставници ( 29 со ВСС и 4 со ВШС ). Од наставниот кадар 24 наставници се вработени на неопределено работно време со полн фонд на часови, 1 наставник се вработени на неопределено работно време со неполн фонд на часови, 3 наставници се вработени на определено работно време со полн фонд на часови, 5 наставници се вработени на определено работно време со неполн фонд на часови. Тројца наставници и психологот се приправници со определен ментори. Еден наставник по предметот Етика на религиите е несоодветен . Мал број на наставници дополнуваат часови во друго училиште и обратно.

Во училиштето нема родова, етничка или друга дискриминација при изборот на наставниот кадар.

Освен наставниците во воспитно-образовниот процес се вклучен стручни соработници педагог и психолог. Работата на наставниот кадар и стручната служба е потпомогната, надополнета и олеснета од страна на раководниот и административниот кадар, директорот и секретарот.

Во случај на пократко отсуство на наставник, училиштето врши замена со постојните наставници. За подолги отсуства се бара мислење од основачот и се вработува наставен кадар во замена.

### 6.4 .Следење на развојните потреби на наставниот кадар

Во училиштето има Програма за професионален развој на наставниците, се води грижа за идентификување на потребите за професионална надградба на наставниците.

Вреднувањето на работата на наставниците и идентификувањето на нивните потреби се врши преку посета на часови од страна на директорот, педагогот и психологот, увид во планирањата и преку активностите на стручните активи. Во оваа учебна година се посетени поголем број на часови од страна на директорот, педагогот и психологот.

Во училиштето има стручни активи кои ги вклучуваат сите наставни предмети, редовно се состануваат и соработуваат особено во делот на изготвување на планирањата.

Од разговорите со наставниците и посетените часови се констатира дека е евидентна потребата од континуирано стручно усовршување на наставниците за подобрување на стручните способности.

Директорот обезбедува финансиска поддршка за професионалниот развој на наставниците, за учество на семинари, обуки доколку истата не е обезбедена од организаторот.

Следењето на развојните потреби на кадарот е добро. Училиштето учествува во обуки и семинари кои го унапредуваат воспитно-образовниот процес. Изборот на наставници кои учествуваат на овие семинари е транспарентен и правичен.

Училиштето има план за дисеминација на знаењата стекнати од едукациите на наставниците.

Постои соработка со наставници од други средни училишта, факултети и невладини здруженија во градот и пошироко.

Училиштето ја почитува законската регулатива за професионален развој на кадарот. Наставниот кадар има ажурирани портфолија за професионален развој.

Училиштето има пропишано процедура за наставниците приправници за навремено определување на метори реализација на приправничкиот стаж.

### 6.5. Финансиско работење во училиштето

Од непосредниот увид во документацијата и разговорите со членовите на Училишниот одбор се констатира дека училиштето има финансиски план за обезбедување на потребните средства за непречено финансиско работење. Органите во училиштето се запознаени со финансиските активности на училиштето.

Училиштето изработува Годишен финансиски план и Годишен финансиски извештај, кој се доставува до Советот на Општината, по претходно разгледување од страна на Училишниот одбор.

Училиштето покрај буџетската сметка има и сопствена сметка. Приходи на сопствената сметка се остваруваат од продажба на: стари керамиди, електонски одпад, стара хартија и пластика.

Раководниот орган транспарентно и наменски ги насочува средствата од буџетот.

Во врска со јавните набавки во училиштето има формирано Комисија за јавни набавки од страна на директорот во која членува еден член од Училишниот одбор. Постои документација за начинот на спроведување на јавните набавки.

Постои транспарентност во финансиското работење на училиштето.

Раководниот орган познава механизми за обезбедување на дополнителни финансиски средства по пат на донации и спонзорства.

За финансиското работење училиштето ги информира органите и телата во училиштето, како и локалната власт преку полугодишниот и годишниот извештај. Буџетските приоритети се секогаш поврзани и ги отсликуваат приоритетите и образовните цели на училиштето.

Буџетот се користи за краткорочни цели или приоритети што се поврзани со подобрување на квалитетот на наставата и учењето и развојот на училиштето во целина.

## 7.Управување/раководење со училиштето и креирање политика

### 7.1. Управување и раководење со училиштето.

Училишниот одбор е конституиран во согласност одредбите од Законот за основно образование, избраните и именуваните претставници од редот на наставниците, Локалната самоуправа и Совет на родители се со легитимни мандати.

Училишнот одбор има сопствена Годишна програма, која е составен дел на Годишната програма за работа на училиштето.

Училишниот одбор работи според сопствен Деловник за работа со архивски број 01– 749/1 од 26.12.2018 година, во кој се дефинирани постапките за свикување на состаноци, условите за предвремен престанок на мандат на членови итн.

Статутот на училиштето е донесен на седница на Училишен одбор со архивски број 01-98/1 од 11.03.2015 година (со решение од МОН Уп1 бр.20-741 од 14.04.2015 година), кој треба да се усогласи со последните законски измени.

Состаноците се добро организирани, членовите уредно и навремено се покануваaат и секогаш се обезбедува потребното мнозинство за работа. За одржаните состаноци се водат Записници и истите се усвојуваат на секоја наредна седница. Училишниот одбор донесува одлуки, дава мислења, разгледува финансиски планови и извештаи. Направени се и почетни чекори за превземање иницијативи за надминување на одредени состојби во училиштето.

Соработката на Училишниот одбор со родителите, директорот и локалната самоуправа е добра.

Директорот на училиштето е избран со Одлука на Градоначалникот на Општина Чешиново-Облешево архивски број 09-884/2 од 20.04.2018 година, за прв четиригодишен мандат.

Директорот на училиштето има изготвено Годишна програма за работа, која е составен дел на Годишната програма за работа на училиштето, која е со архивски број 01– 386/1 од 29.08.2019 година.

Директорот ја организира и следи реализацијата на наставата, планирањата и водењето на педагошката евиденција на наставниците.

Во периодот на вршење на должноста директор и за време на мандатот на директорот се реализирани неколку проекти со кои се подобрени условите за работа во училиштето и квалитетот на наставниот процес.

Директорот учествува во работата на Наставнички Совет, соработува со родители, Градоначалникот и Совет на Општина Чешиново-Облешево како и со деловната заедница.

Генерално, постои подобрување во раководењето и управувањето со училиштето во изминатиот двогодишен период, но тој тренд мора да продолжи посилно и посеопфатно.

### 7.2. Цели и креирање на училишна политика

Училиштето своите цели ги дефинира во согласност со целите на државната и локалната образовна политика.

Локалната образовна политика се спроведува преку активности за соработка со родителите, опфат и следење на редовност на учениците и вклучување во локални проекти, манифестации и настани.

Државните политики во училиштето се спроведуваат преку реализација на наставните планови и програми, дополнителна и додатна настава, слободни ученички и

воннаставни активности. Проекти од Министерството за образование и наука кои се реализирани во училиштето се “Компјутер за секое дете“, екстерно тестирање, интеграција на еколошкото образование во образовниот систем и Мултиетничка Интеграција на Младите во Образованието (МИМО).

Во креирањето на целите и стратегиите се вклучени сите органи, со што се обезбедува транспарентност при планирањето и реализацијата на поставените цели.

### 7.3. Развојно планирање

Училиштето има изготвено Самоевалуација со архивски број 01-548/1 од 30.08.2018 година и Програма за развој со архивски број 01-414/1 од 30.08.2016 година.

Во Самоевалуацијата се опфатени сите седум подрачја на вреднување со применети анкети, истражување, разговори, анализи и констатирани состојби со јаки и слаби страни. Сите подрачја се вреднувани со највисоко квалитативно ниво. Програмата за развој (Развоен план) е изработена за период од четири години 2016-2020 година.

Во неа е дадено приоритет на седум подрачја за развој на училиштето:

1. Подобрување на инфраструктурата на училиштето;
2. Подобрување на климата и културата во училиштето;
3. Подобрување на успехот на учениците;
4. Подобрување на професионалниот развој на вработените;
5. Подобрување на комуникацијата и соработката со сите фактори фклучени во воспитно нобразовниот процес;
6. Меѓуетничка интеграција во образованието;
7. Подобрување на управувањето и раководењето.

Подобрувањето во предвидените подрачја е планирано преку реализација на стратешки цели, за што се планирани посебни активности со временска рамка на реализација.

Од извршените анализи може да се констатира дека поголем број од стратешките цели се остварливи, дел од нив се завршени , помал дел од нив се и отпочнати со реализција.

Сепак мора да се напомене дека во изминатите три години се реализирани неколку значајни проекти: Поставени бекатон плочки во ПОУ во с.Чешиново, поставени плочки во ходникот во ПОУ с.Уларци, поставени плочки во холот на ПОУ во с.Чешиново, обновени се умивалниците за подобар пристап на учениците во ПОУ во с.Чешиново, замена на обични сијалици со лед диоди во сите училишта, набавени се 9 против пожарни апарати, изработени се плакари за наставничката канцеларија во ЦОУ с.Соколарци и ПОУ с.Чешиново, набавени се 2 клима уреди во наставничката канцеларија и канцеларијата на директорката во ПОУ во с.Чешиново, во тек е изградба на нова училница во ПОУ во с.Спанчево, оградено е ПОУ во с.Спанчево со метална ограда, набавени и поставени се садопери во наставничката канцеларија во ПОУ во с.Спанчево и ЦОУ во с.Соколарци и залепени ѕидни плочки околу садоперите, во тек сме на набавка на училишен мебел за новата училница во ПУ во с.Спанчево, набавен е еден лап топ за педагогот на училиштето и монитор кај секретарот на училиштето, набавени се лулашки за во училишниот двор во ПОУ с.Спанчево, преградена е училница по барање на родителите во ЦОУ во с.Соколарци се со цел да нема двосменско работење.

# 8. Наоди и препораки

## 8.1. Јаки страни

- Добрата соработка со локалната заедница;
- Добро организирани хуманитарни акции за социјално загрозени ученици;
- Во последните учебни години сите ученици го завршуваат основното образовние
- Добро раководење, управување и финансиско работење на училиштето;
- Сите вработени во училиштето подеднакво се однесуваат кон сите ученици без разлика на полот, етничката припадност и социјалниот статус на родителите;
- Училиштето им помага на учениците при изборот на занимањето, професијата и институцијата за нивно понатамошно образование;
- Учениците се вклучени во голем број на воннаставни активности.

## 8.2. Слаби страни

- Необезбеден доволен број на учебници по неколку наставни предмети од Министерство за образование и наука;
- Необезбедени услови за реализација на наставните програми по Физичко и здравствено образование во ПОУ Чешиново и ПОУ Спанчево;
- Не се добиени согласности од Министерство за образование и наука за прием на наставен кадар по предметот Физичко и здравствено образование во прво одделение;
- Комбинираните паралелки во оделенска настава во подрачните училишта ( во селата: Чешиново и Спанчево) не се формирани во согласност со законот за основно образование;
- Хигиената во санитарните јазли за учениците делумно задоволува;
- Набавката на храна за учениците во подрачното училиште во село Уларци не е во согласност со законот за јавни набавки.

## 8.3. Препораки

- Да се обезбедат учебници по сите наставни предмети од Министерство за образование и наука;
- Да се подобрат уловите за реализација на наставните програми по Физичко и здравствено образование во ПОУ Чешиново и ПОУ Спанчево;
- Да се обезбеди согласности од Министерство за образование и наука за прием на наставен кадар по предметот Физичко и здравствено образование во прво одделение;
- Комбинираните паралелки во оделенска настава во подрачните училишта училишта ( во селата: Чешиново и Спанчево) да се формирани во согласност со законот за основно образование;
- Да се подобри хигиената во санитарните јазли за учениците;
- Набавката на храна за учениците во подрачното училиште во село Уларци да се реализира во согласност со законот за јавни набавки.

**Тим на државни просветни инспектори,**

**1. Зоранчо Горгиев, раководител на тим** ________________________

**2. Сузана Секуловска, член** ______________________________________

**3. Сашко Ефтимоски, член** ___________________________